**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, поднесено под број 09-2960 од 2022, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) го донесува следното :

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува Планска програма за изработка на УПС Сушица, Општина Петровец инициранa од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола.

Образложение

Барателот Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на УПС Сушица, Општина Петровец, од инвеститор Општина Петровец.
Со барањето ја приложи следната документација:
1. Барање за одобрување,
2. Решение за формирање комисија за урбанизам,
3. Предлог Планска програма,
4. Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Петровец за 2021, 2022 година и 2023 година,
5. Решение и Услови за планирање на простор.

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение од Градоначалник бр. 09-519/1 од 28.02.2022 година, по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-2960/2 од 29.12.2022 година за одобрување на Планска програма за изработка на УПС Сушица, Општина Петровец од изработена од планер Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола.
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, со уплата од 200 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа
Л. Величковиќ

Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2022.12.30 13:29:35 +01'00'

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ПЕТРОВЕЦ ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ